Јас сум Мифтар Себим, имам 23 години, имам 3 деца и жена. Живеам по шатори, бараки, цел живот сум таков, од мои  10 години одам по шишиња по контејнери, собирам хартија, собирам шишиња за едно парче леб.

Ваков живот е тежок многу. Да го живее некој друг овој живот нема да сака да го живее.Како што живееме ние тука овие сите фамилии, пеесет фамилии сме тука, без куќи без  ништо сме.

Цел живот сме по шатори. Зиме, лете, без разлика дали врне или не, ние сме тука

Нема каде да одиме. Со наши деца со наши фамилии каде да одиме? Нема каде.

Тоа е.

Рециклирањето во Македонија с е случува главно  врз грбот на неформалните собирачи, а отпад. А другиот дел паѓа на бизнис секторот, кој што дел од тие суровини нормално прави бизнис на нив.

Неформалниот сектор учествува со 80-85% од целокупните количини ,на собран отпад од пакувања, што значи дека формалниот систем се покажа како неефикасен, неефективен и се уште главно се темели врз работата на неформалните собирачи, кои што на крајот ги добиваат само трошките и преставуваат една тешка социјална категорија во Македонија односно маргинализирани граѓани.

Себим, имаш брат 132кг

Добро.

Помножено со 3. Не. Помножено со 4. Три денари? Дај ми дигитрон, Имаш? Немам

100 кг ти доаѓа 300 денари. Тука имаш 30кг по 30 денари .

390-400 денари

Три дена се мачам за 400 денари.

Што да правиме бе брат. Тоа е животот. Ајде

За цена, тие ни даваат цена, тие што доаѓаат да ја купат. Хартијата е 2,5 до 3 денари. Шишињата 200-220 за цела вреќа.

Некои  доаѓаат и сакаат да ги земат шишињата за 180 денари. Кажуваат дека цените се намалени. Мора да ги дадеш за да можеш да купиш парче леб, млеко,  пелени за  децата.

Граѓаните имаат законска обврска да го селектираат отпадот и да го отстранат во соодветен контејнер. Тој отпад селектиран му припаѓа на  комуналното претпријатие и тој понатаму има обврска да го предаде на рециклаторите. Никако не смее да заврши на локалните депонии.

Меѓутоа проблем е и што се уништуваат навистина неформалните собирачи, сакајќи да дојдат до што повеќе суровина.

Факт е дека прават и штета на еден систем во кој што се вложуваат средства. Тие средства се собираат врз основа на овој закон за пакување и отпад од пакување. Значи самите производители и на крајот на денот самите граѓани го плаќаат тоа, бидејќи секако е вкалкулирано во цената на секој производ она што се плаќа како еколошки данок или еколошка такса, која што е потребна за да можете вие да ја воспоставите таа инфраструктура.

Мора некако да најдеме начин да го решиме проблемот со неформалните собирачи.
Ние сакаме да ги вклучиме тие неформални собирачи во системот со управување со отпад. Дали во примарна селекција да одат по домови секој во свој реон, дали во секундарна каде што ќе го доселектираат и балираат отпадот што го собрале. Сметаме дека со материјалот што го собираат на самата негова вредност ако му се додаде плус вредност од заработка можат да земаат просечна плата во Македонија и да бидат пензиско и здравствено осигурени.

Бидејќи со новите европски студии се покажа дека на 10.000 тони отпад, а ако имаме предвид во Македонија дека се создава комунален отпад од околу 70.000, се отвораат околу 280 работни места и можете да видите колку ние имаме дополнителен капацитет за отворање на нови работни места .

Ќе одам ќе работам некоја работа ако има за работење јас сум прв. И не одбивам. Ако треба во тоалет да работам, јас ќе работам. За моите деца.

Навистина е потребно да се работи на едукација на граѓаните, на подигнување на свесноста за за важноста за управување со отпадот. Меѓутоа од друга страна и оние кои што се свесни граѓани и доколку селектираат, немаат можност да се ослободат од тој отпад.

Државата може да направи две работи. Едната е да им овозможи на граѓаните еден систем , една инфраструктура каде што ќе можат да го селектираат нивниот отпад, а другата е да ги имплементира постојните законски прописи кои наложуваат граѓаните да го селектираат отпадот. Но засега очигледно на сите им одговара ваквата ситуација каде што ниту има инфраструктура а од друга страни тоа значи дека граѓаните не мора да го селектираат отпадот.

Да се направи такво чувство кај граѓанинот да му биде непријатно да го фрли пластичното шишето, стакленото шише во контејнер за општо ѓубре што ќе заврши на депонија туку да побара најблиску каде има корпа и тоа да заврши на рециклирање. Такво чувство да постигнете како што на пример луѓето мијат заби навечер, раце итн. Селекцијата да стане навика, а не да правите нешто за да очекувате некој бенефит, да очекувате дека ќе еден денар ќе ви се врати. Буквално да сфатите дека тоа е за општ бенефит и за ваше добро, и дека со мал напор може да придонесете за нешто поголемо.